ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-285/01
22.07 2019 год.
СКОПЈЕ

Почитуван г-дин Премтим Исени,

Го испраќаме овој допис во врска со информациите за Ваше разрешување од функцијата Претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Северна Република Македонија (СУНР).

Со ова писмо сакаме да го искажеме нашето позитивно искуство во соработката со Советот и лично со Вас како негов Претседател во изминатите 2 години. Укажуваме на исклучително коректната и плодна соработка помеѓу СУНР и ИОРРМ. Со Вашето доаѓање на чело на СУНР, придонесовте кон воспоставување на повисок степен на соработка помеѓу двете институции кој се засноваше на принципот на соработка на две рамноправни институции со крајна заедничка цел за подобрување на квалитетот на ревизорската професија во РСМ. Го цениме Вашиот придонес за подигнување на соработката на ова ниво.

Во изминатиот период на Вашето раководење со СУНР, ние во Вашата Институција добивме не само регулатор и надзор, туку многу повеќе од тоа – партнер во заедничките напори за унапредувањето на професијата. Беа организирани бројни заеднички состаноци на различни нивоа, кои ја олеснија меѓусебната комуникација и меѓусебното разбирање. Тоа доведе до едно ново ниво на соработка кое се базираше на меѓусебно разбирање и поддршка, наместо на строг и формален однос исклучиво во функција на надзорот. Со тој пристап Советот не само што постигна резултати во подобрувањето на надзорот над ревизорската професија, за кој ние сме свесни дека мора да постои, туку постави нови основи за операционализација на вториот сегмент на работата на Советот, а тоа е унапредувањето на професијата, кој збор е всушност составен дел на називот на Вашата Институција, а често во минатото беше занемаруван.

Вие бевте иницијатор на првата Конференција на СУНР која се одржа во декември 2018 година, пропратена со соодветна медиумска застапеност. Конференцијата беше посетена од претставници на професијата и други заинтересирани страни, а на истата со свои ставови се представија претставници од СУНР, ИОРРМ како и од релевантните институции. Се надеваме дека оваа пракса на годишни конференции ќе продолжи и во иднина.

На крај, би сакале да Ви се заблагодариме за досегашната соработка и да Ви посакаме успеси во понатамошната Ваша кариера. Со оглед дека информацијата за Вашето разрешување сеуште не е официјално обелоденета, се надеваме дека можеби и ќе останете на функцијата на која се наоѓате, а која со успех ја извршувате.

Скопје, 22 јули 2019 година

Со почит,

Драган Димитров,

Претседател

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ИОРРМ СКОПЈЕ

Ул. 11 Октомври бр. 52А/1-3, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: 02 3227 599 Факс: 02 3296 349 web: http://www.iorrm.org.mk